# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА –

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање на мислење за тоа дали постои состојба на судир на интереси доколку од страна на ЈЗУ – Градска Болница 8ми септември биде склучен договор со адвокат кој е во роднинска врска во странична линија шести степен, односно втор братучед со в.д директорот на болницата.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

**М И С Л Е Њ Е**

Државната комисија известува дека доколку се склучи наведениот договор, би настанала состојба на судир на интереси. Ова од причина што, согласно дефиницијата на состојбата на судир на интереси предвидена во член 2, став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РСМ бр. 12/19), службено лице, в.д директорот на ЈЗУ – Градска Болница 8ми септември има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности кои ги извршува.

Имено, согласно начелото на интегритет, секое службено лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластување и должности не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

Концептот на интегритет е составен дел на системот на доброто владеење. Кога се говори за добро владеење, во основа се мисли на градење и негување на духот на интегритет на лично и на институционално ниво, со што би се поттикнала и би се обезбедила независност, професионалност и отчетност во извршувањето на надлежностите утврдени со законите и со другите прописи.

Државната комисија Ви укажува на тоа дека во конкретниот случај постои потенцијален судир на интерес, односно службено лице, в.д директорот на ЈЗУ – Градска Болница 8ми има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина, по што согласно член 72 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, секое службено лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**